Совет на Општина Делчево
Број 09-3022/2
03.09.2026 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од 17.седница на Советот
на Општина Делчево

Седницата се одржа на 18.09.2026 година (петок) во Мултифункционалниот центар, со почеток во 10:00 часот.

На седницата присуствуваа 13 членови на Советот на Општина Делчево.

Отсутен беше Тони Стаменковски.

Градоначалникот, Иван Гоцевски, директорите на основните и средното училиште, директорката на детската градинка, директорката на библиотеката, командирот на ТППЕ, началникот на МВР-ОВР Делчево, раководителката на Агенцијата за вработување, директорката на ЈЗУ Здравствен дом, заменик-конадирка на ПС од ОН.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот кој за 17.седница на Советот го предложи следниот

Дневен ред

1.Обраќање на Претседателот на Совет на Општина Делчево, Николчо Стојменовски;
2.Обраќање на Градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски;
3.Обраќање на претседателката на Локалниот младински Совет, Искра Георгиевска
4. Прашања и предлози.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 13 гласа„ЗА“

Прва точка – Обраќање на претседателот на Советот на Општина Делчево.

Претседателот на Советот во своето обраќање истакна дека :

„ Советот на Општина Делчево отвора седница која во целост е посветена на младите. Ова не е само уште една точка на дневниот ред. Ова е седница на која младите луѓе од нашата општина се во центарот на вниманието – со своите прашања, потреби, идеи, предизвици и очекувања. Особено ми е драго што денес младите нема да бидат само присутни и да слушаат. Тие активно учествуваат. Веќе доставија свои прашања, а доколку во текот на седницата произлезат и дополнителни прашања, тие ќе можат да бидат поставени преку советниците. Одговорите ги очекуваме од оние кои имаат одговорност и надлежност – од директорите на нашите институции, од претседателот на Советот, градоначалникот и од другите одговорни лица. Затоа, денес не сме тука само да зборуваме за младите. Денес сме тука да ги слушнеме младите. Младите не се иднината која треба да ја чекаме. Младите се нашата сегашност. Тие денес учат, работат, спортуваат, создаваат, се образуваат, волонтираат, започнуваат свои иницијативи и размислуваат за својата иднина. И токму затоа наша обврска е да создадеме услови во кои тие ќе можат да ја градат својата иднина овде, во Делчево.

Кога ќе ги погледнеме нашите училишта, спортските клубови, културните институции, младинските организации, здравствените служби и сите јавни институции, гледаме луѓе и системи кои директно или индиректно влијаат врз секојдневието и иднината на младите. Како Претседател на Советот на Општина Делчево, сметам дека оваа седница е еден од значајните моменти во работата на Советот. Зошто? Затоа што квалитетот на една локална заедница не се мери само според тоа колку проекти ќе реализираме, колку улици ќе изградиме или колку одлуки ќе донесеме. Се мери и според тоа дали младите гледаат перспектива во своето место, дали се чувствуваат слушнати и дали веруваат дека можат да придонесат во неговиот развој. Ако не успееме да создадеме услови во кои младите ќе сакаат да останат, да создаваат, да работат и да придонесуваат тука, тогаш мора искрено да се запрашаме каде сме згрешиле и што треба да промениме. Младите не бараат само убави зборови и ветувања. Тие бараат конкретни одговори. Одговори за образованието. За можностите за вработување. За спортот и културата. За слободното време и младинските активности. За менталното здравје и поддршката што им е потребна. За безбедноста. За можностите за личен и професионален развој. Но, пред сè, бараат можност да бидат дел од процесите на одлучување. Затоа денес го давам зборот на младите. Очекувам од сите нас – и од младите и од институциите – отворен, искрен и конструктивен разговор. Одговорите треба да бидат јасни, конкретни и одговорни. На вас, младите, сакам да ви порачам: Ова е ваш простор. Користете го. Прашувајте отворено. Прашувајте критички, но конструктивно. Кажете што ве загрижува, но кажете и што предлагате. Не постои непријатно прашање кога станува збор за иднината на младите. Вашите прашања денес не се важни само за оваа седница. Тие треба да бидат патоказ за нас, како Совет, при носењето на идните одлуки. На директорите на институциите, на градоначалникот и на сите одговорни лица сакам да им порачам: Ова не треба да го гледаме како испитување. Ова е можност. Можност директно да ги слушнете оние за кои работите. Можност да покажеме дека институциите не се затворени врати, туку отворени места каде што младите можат да прашаат, да предложат и да бидат слушнати. А Советот денес не треба да биде само набљудувач. Ние сме тука да ги слушнеме и двете страни, да ги препознаеме проблемите, да ги разгледаме предлозите и, онаму каде што е можно, да создадеме основа за конкретни мерки, иницијативи и одлуки. Би сакал оваа седница да не заврши само со одговори. Би сакал по оваа седница да останат заклучоци, конкретни предлози и обврска за понатамошно дејствување. Денес сакаме да испратиме една јасна порака: Младите не се тема за која разговараме само повремено. Младите се приоритет. И како Совет на Општина Делчево, сакаме тој приоритет да го покажеме не само со зборови, туку и со нашите одлуки и постапки. Верувам дека денешната седница ќе биде почеток на уште посилен дијалог меѓу младите и институциите. Зашто Делчево не го градиме само за денес. Го градиме за генерациите кои доаѓаат. А најдобриот начин да го направиме тоа е да ги слушнеме токму оние кои ќе живеат, работат и создаваат во Делчево во годините што следуваат. Драги млади, Ви благодарам што сте денес со нас. Ви благодарам што прашувате, што размислувате и што барате од нас да бидеме подобри. Ви ветувам дека Советот ќе ги слушне вашите пораки. А сега, да започнеме со она поради кое сме денес овде – да го слушнеме вашиот глас“, истакна тој на крајот од своето обраќање

Втора точка на дневен ред беше Обраќање на Градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски кој ги поздрави сите присутни и истакна дека:

„Младите луѓе се способни, кога ќе се мобилизираат, да го променат светот.“

Оваа мисла на Нелсон Мандела е можеби најдобриот вовед во она што сакаме да го постигнеме со младинските политики во Општина Делчево.

И затоа, денешната седница е поинаква и токму затоа е важна.

Ова не е само седница на која ќе зборуваме за младите. Тука ова е седница на која ќе зборуваме со младите.

Како носители на локалната власт денеска ги слушаме младите – нивните идеи, потреби, предизвици, но и нивните предлози за тоа какво Делчево сакаат да имаат.

Особено ми е драго што иницијативата за одржување на оваа седница доаѓа од Локалниот совет за млади. Тоа покажува дека младите не сакаат само да бидат тема на дневниот ред. Тие сакаат да бидат дел од одлуките.

Почитувани,

Мој приоритет како градоначалник е – активни млади.

За мене, активни млади значи млади кои не се пасивни набљудувачи на општеството, туку млади кои прашуваат, предлагаат, креираат, учествуваат и преземаат иницијатива. Млади кои имаат свое мислење и простор тоа мислење да биде слушнато и преточено во конкретни политики и решенија.

Токму затоа, во изминатите 12 месеци Општина Делчево интензивно работи на промена на наративот и перцепцијата за младите – да не ги гледаме како апатични и незаинтересирани за општествените текови, туку како важен ресурс и активен партнер во развојот на заедницата.

Во таа насока го формиравме Локалниот совет за млади, како механизам преку кој младите можат директно да ги артикулираат своите потреби, идеи и иницијативи.

И не застанавме тука. Веднаш одговоривме и на еден од првите приоритети идентификувани преку Буџетскиот форум – го отворивме Младинскиот центар, простор создаден за младите и според нивните потреби, каде што можат да се едуцираат, да разменуваат искуства, да иницираат активности, да се поврзуваат и заеднички да создаваат.

Согласно со буџетските можности-го зголемивме буџетот за општински стипендии и награди на талентирани ученици на 2 милиони денари, повеќе средства за спортските клубови и граѓанските организации, создаваме нови современи услови за развој на спортот, изградивме скејт-парк, наскоро треба да започне реконструкцијата на старата градска спортска сала која од корен ќе го смени ликот и ќе биде украс во спортскиот комплекс и ќе раскажува нова приказна за градот и за љубителите на спортот.

Но, посветено работиме и на многу други форми кои директно или индиректно ги засегаат младите.

Затоа, денес не сакам да ви ветувам дека на секое прашање веднаш ќе имаме готово решение. Сакам да ви ветам нешто поважно – дека ќе ги разгледаме вашите предлози сериозно и дека таму каде што Општината може да направи чекор, ќе го направи.

Младинската политика не може да се сведе само на настани и активности. Таа треба да значи образование, практично искуство, вработување, спорт, култура, мобилност, современи јавни простори и можност младите да го развиваат својот потенцијал тука, во Делчево.

Сакам да испратам и една јасна порака до локалниот бизнис-сектор и институциите: младите не се само наша иднина, тие се и наш сегашен потенцијал. Ако сакаме Делчево да има кадар, развој и економска перспектива, мора да инвестираме во младите денес.
Општината може да биде иницијатор и партнер, но не може сама да го направи тоа. Потребни ни се училиштата, компаниите, институциите, граѓанските организации и, пред сè, самите млади.
Затоа денешната седница ја гледам и како почеток на еден поинаков начин на комуникација. Не сакам младите да бидат само корисници на општинските мерки. Сакам да бидат нивни креатори.Вашите идеи не треба да останат само во записникот од оваа седница. Она што е реално, изводливо и корисно за младите, треба да се претвори во конкретна мерка, програма или проект. А, наша задача е да обезбедиме институционална поддршка за тие идеи да добијат шанса да станат реалност.На крајот, сите имаме една заедничка цел – Делчево да биде град во кој младите не само што ќе растат, туку ќе сакаат да останат, да создаваат и да ја градат својата иднина. Ви благодарам на иницијативата, на вашата активност и на храброста да поставувате прашања. Денес зборот е ваш. А нашата обврска е да ве слушаме – и, уште поважно, да постапуваме, рече Градоначалникот.

Трета точка-Обраќање на претседателката на Локалниот младински Совет, Искра Георгиевска.

Таа истакна дека во име на Младинскиот совет на Општина Делчево, сакам искрено да ви се заблагодарам за поддршката и за можноста денес да имаме заедничка сесија и директно да разговараме за прашањата што ги засегаат младите.

За нас оваа средба значи многу.

Значи дека нашиот глас е слушнат, дека нашите идеи се важни и дека младите се препознаени како активен дел од нашата заедница.

Но, сакам да истакнам дека Младинскиот совет континуирано работи и во периодот помеѓу ваквите средби.

Реализираме и поддржуваме голем број активности – работилници, обуки, формални и неформални дружења, како и различни активности насочени кон информирање, поврзување и активирање на младите.

Присуствуваме на буџетски форуми и настани организирани на локално ниво, каде што се вклучуваме и како волонтери, учествуваме на базари и на различни локални активности.

Сето тоа го правиме затоа што сакаме да бидеме меѓу младите, да ги слушаме и да знаеме што навистина им е потребно.

За нас е особено важно младите да имаат можност директно да ни се обратат.

Затоа имаме и свој Google Forms прашалник, кој го споделуваме на секој настан, преку кој младите можат директно да испратат свои идеи, прашања, проблеми и предлози.

Континуирано се промовираме затоа што сакаме што поголем број млади да знаат дека постои Младински совет и дека имаат кому да му се обратат, имаат каде да го кажат својот проблем и имаат простор нивната идеја да биде слушната.

И токму во таа насока, минатата недела направивме уште еден голем чекор.

На 09.09.2026 година иницираме средба со младинските совети од Берово, Пехчево и Македонска Каменица, со цел да започнеме регионална соработка и поврзување на младите од Пијанечко-Малешевскиот регион.

Еден од главните заклучоци и приоритети од оваа средба беше потребата од кариерен центар за младите.

Особено нè радува што овој предлог веднаш беше прифатен од Општината и веќе е во процес на реализација.

За нас тоа е голем чекор и доказ дека кога младите ќе бидат слушнати и кога постои подготвеност за соработка, идејата може да стане конкретно решение.
А дел од останатите приоритети и потреби на младите што ги препознавме преку нашата работа, верувам дека ќе можете да ги препознаете и самите преку прашањата што денес ќе ви ги поставиме. Денес не дојдовме само да поставиме прашања. Дојдовме да започнеме разговор. Дојдовме да отвориме можности.
И пред сè, дојдовме да започнеме процес во кој младите ќе бидат дел од решенијата.
Прашањата што денес ќе ги поставиме ги гледаме како почеток, а не како крај.
Сакаме од нив да произлезат конкретни чекори, соработка и решенија кои ќе можат да се почувствуваат во секојдневниот живот на младите.
Нашата цел е едноставна, но голема:
Да создадеме Делчево во кое младите ќе сакаат да останат, да се развиваат, да работат, да создаваат и да ја градат својата иднина.
Сакаме Делчево да биде место во кое млад човек ќе има можност да се образува, да стекне практично искуство, да најде работа, да спортува, да создава, да се изразува и да биде активен во својата заедница.
Затоа денес зборуваме за образование, вработување, здравство, безбедност, спорт, култура, животната средина и сите оние области кои директно влијаат врз квалитетот на животот на младите.
Но, најважно од сè, сакаме да продолжиме да разговараме и по оваа средба.
Ние како Младински совет сме подготвени да бидеме мост меѓу младите и институциите, да ги слушаме потребите на младите и заедно со вас да бараме начини тие потреби да станат конкретни иницијативи и решенија.
Ви благодарам што денес сте тука, што нè слушате и што ни давате простор да бидеме дел од процесот.
Да направиме Делчево не само град во кој младите ќе живеат, туку град во кој младите ќе сакаат да останат, рече Искра Георгиевска.

Во врска со четвртата точка- Прашања и предлози имаше поставено повеќе прашања од претставници на Младинскиот центар и од претставници на Локалниот младински Совет до градоначалникот,претседателот на Советот на Општина Делчево.

До Градоначалникот на Општина Делчево имаше пиставено многу прашања, како од Младинскиот центар, така и од Локалниот совет за млади и тоа:

1. Колкава е конкретната сума од буџетот на Општина Делчево наменета за млади?

Градоначалникот на Општина Делчево истакна дека законска обврска на Општината е таа да издвојува 2% од вкупниот буџет за младите. Последниве 12 месеци О.Делчево интензивно работи за да ги смени наративите, перцепциите и конкретно да го поддржи младинскиот активизам и, конечно, да ги видиме младите НЕ апатчини и НЕ незаинтересирани за општествените тековi, туку напротив тие да учествуваат во севкупниот општествен живот. Во таа смисла, О. Делчево го формирала Локалниот младински совет и веднаш одговорила на првиот приоритет што произлегол од Буџетскиот форум, и го отворила Младинскиот центар, како место во кое младите ќе имаат можности за едукација, размена на искуства и сл.

Тој истакна дека младите се една од важните приоритетни групи во политиките на Општина Делчево. Средствата не се издвоени само во една ставка, туку се распределени низ повеќе програми – образование, стипендии, младински активности, спорт, култура и други мерки. Тој потенцираше дека оваа година, буџетот за образование-односно за ученички и студенстки стипендии и награди е зголемен на 2 милиони денари.

За 2026 година, за директни мерки и поддршка на младите се издвоени за поддршка на работата на Младинскиот центар, а дополнително Општината инвестира во инфраструктура и услуги кои директно го подобруваат квалитетот на животот на младите.

Целта на Општината е овие средства во иднина да бидат уште поголеми, но и попрецизно насочени кон она што младите го препознаваат како реална потреба.

2.Второто прашање се однесуваше на тоа дали Општината може да иницира програма за ученички практики за учениците од III и IV година, со отворени места во локалните институции, јавните претпријатија и компании, каде што учениците би аплицирале според својот интерес и посакувана професија?

Градоначалникот рече дека дека Општината може и треба да биде иницијатор на ваква програма.

„Нашата идеја е да создадеме мост меѓу средното образование и реалниот работен свет, преку кој учениците од III и IV година ќе можат да стекнат практично искуство уште пред да го завршат средното образование.

Општината може да ги поврзе средното училиште, локалните институции, јавните претпријатија и приватниот сектор, за да се отворат места за практична работа во различни области. Учениците би можеле да аплицираат според својот интерес, образование и професија за која се подготвуваат.

На овој начин, младите ќе добијат можност да учат преку работа, да стекнат прво работно искуство и полесно да го изберат својот професионален пат, а локалните компании и институции ќе имаат можност навреме да ги препознаат и поддржат идните кадри.

Сметам дека ова е една од мерките што можеме да ја разгледаме и да ја развиеме заедно со младите, училиштето и локалната бизнис-заедница“.

Не сакаме младите да чекаат да завршат училиште за првпат да се сретнат со работната средина. Сакаме првата професионална можност да ја добијат уште во Делчево.

2. Дали Општината може да поддржи краткорочни обуки, практикантски програми и други можности за младите надвор од ученичките клупи?

Градоначалникот рече дека апсолутно Општината може да поддржи краткорочни обуки, практикантски програми и други можности за младите надвор од ученичките клупи. Не сакаме поддршката за младите да заврши со завршувањето на средното образование.

Ќе работиме на можности за кратки практични обуки, дигитални и други современи вештини, практикантски програми и поврзување со локалните компании, особено во области за кои постои интерес и потреба на пазарот на трудот.

Млад човек кој ќе добие можност да научи конкретна вештина и ќе добие можност да научи конкретна вештина и да ја примени во реална работна средина има многу поголема шанса полесно да дојде до своето прво вработување.

Третото прашање поставено од Локалниот младински совет беше

Дали Општината може да иницира мерки за поттикнување на локалните компании и институции да отвораат повеќе можности за вработување на млади?

Одговорот на градоначалникот беше следен:

„Да. Но, тука е потребен партнерски пристап.

Општината не може да им наложи на приватните компании кого да вработуваат, но може да биде иницијатор и посредник меѓу младите и работодавачите.

Нашата идеја е да воспоставиме поорганизирана комуникација со локалните компании – да ги слушнеме нивните потреби за кадар и истовремено да ги запознаеме со потенцијалот и интересите на младите од Делчево.

Особено би сакале да создадеме можности за прво работно искуство, практикантство и обуки кои водат кон вработување.

За нас е важно младите да не го гледаат Делчево само како место од кое треба да заминат за да најдат работа, туку и како место каде што можат да ја изградат својата иднина.
За збор се јави Игор Гошевски праша дали може прашањата што ги имаат младите да ги поставуваат тие лично, а не да се читаат за да може да се развие дебата.

Претседателот на Советопт истакна дека може младите да поставуваат прашања, но исто така истакна дека до нив тие веќе доставиле повеќе прашања писмено и затоа тој ги чита со цел да не се пропушти некое прашање.

До него како претседател на Советот беа поставени следните прашања:

1. Дали Советот би поддржал механизам преку кој младите директно ќе предлагаат иницијативи до Советот на Општината?

Претседателот одговори дека Советот на Општина Делчево ја поддржува идејата за воспоставување јасен и транспарентен механизам преку кој младите ќе можат директно да доставуваат иницијативи и предлози до Советот на Општината. На тој начин ќе се овозможи вашите идеи и потреби навремено да бидат разгледувани во рамките на надлежностите на Советот. Механизмот може да вклучува електронско доставување предлози, јавни консултации и можност за образложување на иницијативите пред соодветните комисии или пред Советот.

Впрочем во членот 62 од Статутот на Општина Делчево, кој беше изменет и дополнет токму со неколку члена кои се однесуваат на Локалниот младински совет, во ставот 3 децидно стои дека:

„(3) Претставниците на локалниот младински совет имаат право да:

- предлагаат точки на дневен ред на Советот на општината кои ги засегаат младите,
- иницираат прашања за млади од делокругот на работата на општината,
- иницираат, учествуваат и даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики,
- доставуваат информации до општината за прашања кои се однесуваат на младите и
- вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

Во продолжение следуваа прашања од младите до директорите на општинските училишта и тоа:

1. Дали постои можност да се воведе или зголеми кабинетската настава, особено по природните науки, со подобро опремени кабинети?

Директорката на СОУ „М.М.Брицо“, Марина Синадиновски ги поздрави младите и нивната иницијатива за свикување на денешната седница, а во врска со прашањето истакна дека како што е познато во гимназијата има 4 кабинети по хемија, биологија, физика и информатика каде што се изведува настава по соодветните предмети. Таа рече дека во кабинетот по информатика понекогаш се изведува и настава по други предмети бидејќи има недоволен број на училници. Интенцијата на гимназијата е да се доопремат кабинети и по другите предмети, не само по природните науки, туку и од општествените науки. Таа ги информираше присутните дека 4 училници се опремени со нова опрема, а во кабинетите се инсталирани нови интерактивни панели.

Директорот на ООУ „Св.Климент Охридски“, Димитар Видимлиски истакна дека на сите директори и ученици желба е кабинетската настава, но постојат некои пречки за тоа. Конкретно, со затварањето на двете подрачни училишта и со повлекувањето на наставниците во ЦОУ се јавува проблем при правењето на распоредот, реално може да се случи во 1 ден 3 час да имаат 4 наставници по македонски јазик, а има недоволен број на кабинети и мора да се наоѓа решение. Убаво е да може по сите предмети да има кабинетска настава, но сепак мора да се имаат предвид и сите други околности, рече тој.

Директорот на ООУ „Ванчо Прке“, Сашко Ивановски информираше дека од оваа година започнува кабинетска настава по хемија и информатика, а се планира од наредната година да започне и кабинетска настава по физика и музичко образование, биологија и др.природни науки.

Во врска со прашањето дали учениците може да бидат повеќе вклучени во донесувањето одлуки што директно се однесуваат на условите и животот во училиштето, директорката на СОУ „М.М.Брицо“ истакна дека учениците со свој претставник од ученичката заедница во Училишниот одбор се веќе вклучени во донесувањето одлуки. Можат да присуствуваат и учествуваат во работата на УО, но не можат да гласаат, сепак нивниот глас се слуша и зема предвид.

Во врска со 5-тото прашање - Дали училиштата можат да поддржат повеќе ученички секции и клубови, како дебатен, научен, информатички или јазичен клуб, таа истакна дека новата концепција во образованието 2025/2026 се стреми кон безрезервна поддршка на ваквите иницијативи. Со неа се предвидува сите ученици да изберат часови како воннаставни активности по 2 различни предмети за секое полугодие, поактивно учество на учениците во општествените случувања и по 1 час неделно општествено корисна работа согласно потребите на институциите. Во училиштето веќе постојат повеќе секции и клубови во кои се вклучени сите ученици од 1 до 4 година, постои ученички бенд, ученички хор и сл.

Во врска со ова прашање дали е разгледувана можноста за воведување на нова стручна образовна насока во гимназијата, со цел да им се понуди на учениците поголем избор и да се создадат услови за задржување на младите во Делчево, одговор даде градоначалникот на општина Делчево кој рече дека Делчево е погранична општина и дека мора во иднина сериозно да се размислува за воведување на нова струка/нови струки кои ќе одговарат на денешните потреби на учениците, бизнис-секторот (шпедиција, царина, рударска струка и сл.)

Игор Гошевски ја праша Искра Ѓеоргиевска, претседателка на Локалниот совет за млади кои струки се атрактивни за нив како млади?

Таа истакна дека имаат подготвено анкетен прашалник кој ќе покаже кои струки им се потребни на младите во Делчево.

На оваа седница младите поставуваа прашања и до раководителката на Агенцијата за вработување, Маја Вирчанска и тоа:

1. Кои мерки ги нуди АВРСМ за младите?

Во врска со ова прашање Маја Вирчанска истакна дека Агенцијата нуди лепеза на мерки во смисла на обуки, практични знаења и самовработување.

Исто така организираат обуки за младите за пишување CV, мотивациско писмо, подготовка за интервју и други вештини потребни за успешно вработување, потоа доделуваат по 10.000 евра на млади до 29 години за самовработување, за праткиканство до 3 месеци практична работа кај правно лице по 12.000 денари месечно, како и обука кај конкретен работодавач која подразбира обука до 3 месеци кај правно лице при што работодавачот по завршувањето на тие 3 месеци е должен да го вработи тоа лице. Во мерките таа го спомна и младинскиот додаток по 3.000 денари месечно,

2. Колку магистри се пријавени како невработени според нивната евиденција?

Во врска со ова прашање таа истакна дека АВРМ во Делчево опслужува две општини, Делчево и Македонска каменица и според нивната евиденција има 3 со степен магистри пријавени како невработени, од кои 2 во Делчево и 1 во Македонска Каменица.

Во врска со прашањето-**На кој начин младите можат да се вклучат во оперативниот план за вработување,** директорката истакна дека **во** Оперативниот план за 2026 година има повеќе мерки што се однесуваат на млади, особено на лица до 29 години и тоа:

1. Гаранција за млади – за млади до 29 години кои не се вработени и не се во образование или обука (NEET). По евидентирањето во АВРСМ, целта е во рок од 4 месеци да добијат понуда за работа, продолжување на образование или вклучување во активна мерка.
2. Практиканство – за стекнување прво работно искуство кај работодавач, со фокус на млади до 29 години.
3. Обуки за вештини барани на пазарот на трудот – професионални обуки според потребите на работодавачите.
4. ИТ обуки – вклучително и напредни ИТ/програмерски вештини
5. Обуки за претприемништво и самовработување – за лица кои сакаат да започнат сопствен бизнис.
6. Поддршка за вработување и креирање нови работни места – кај одредени мерки работодавачите добиваат финансиска поддршка за вработување, при што младите до 29 години имаат приоритет. На пример, кај мерката „Вработување и раст на правни субјекти“, грантот за вработување лице до 29 години е 153.750 денари.
7. Обуки за подготовка за вработување и вештини за барање работа – советување, мотивациски и други обуки за полесно вклучување на пазарот на трудот.

Во врска со ова прашање поставено од младите се надовза и градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски кој рече дека со задоволство одговара на овие прашања кои го засегаат еден од нашите најголеми приоритети – младите и нивното останување, работа и развој во нашата општина, при што истакна дека Активните програми и мерки за вработување во Македонија се спроведуваат преку годишниот Оперативен план на АВРМ и се специјално дизајнирани за млади лица до 29 години со цел да им се олесни транзицијата од образование кон пазар на труд, да се поттикне претприемништвото и да се унапредат нивните вештини.

Во врска со прашањето**- Дали може да се воспостави механизам за следење на потребите на локалниот пазар на труд, со цел младите навремено да знаат кои професии и вештини се најбарани во Делчево,** градоначалникот истакна дека потребата од постење на Кариерен центар која е детектирана, препознаена токму од ваша страна е решението на тој проблем и одговор на ова ваше прашање. Јас се гордеам што младите од Делчево иницирвте средба со младинските совети од Берово, Пехчево и Македонска Каменица, со цел започнување регионална соработка и поврзување на младите од Пијанечко-Малешевскиот регион.Еден од вашите главни заклучоци и приоритети од оваа средба беше потребата од кариерен центар за младите.Особено ме радува овој предлог и затоа беше веднаш беше прифатен од мене и од страна на Општина Делчево, истакна градоначалникот на Општина Делчево и информираше веќе е во процес на реализација.

Во врска со прашањето - **Дали Општина Делчево има конкретна програма за поддршка на вработувањето на младите? Ако има, кои мерки се предвидени и колку средства се издвоени за нив во 2026 година?**

Градоначалник на Општина Делчево рече дека Општината нема конкретна програма за вработување млади. Но, има многу добри мерки за вработување млади прегу Агенцијата за вработување. Јас ги поттикнувам младите да ги следат активните мерки за вработување на младите преку АВРМ. Главен столб за поддршка е националната програма **„Гаранција за млади“**, преку која на

секое младо лице во рок од 4 месеци од пријавувањето во АВРСМ му се нуди вработување, продолжување на образованието, практикантство или обука.]
Еве ги клучните активни мерки кои се нудат во тековниот Оперативен план: како Поддршка за самовработување, практикантство за млади, обука и преквалификација) .

Во врска со прашањето - **Дали Општината планира да воведе програма за практикантство за млади во локалната самоуправа и јавните установи, со можност за стекнување прво работно искуство? Ако да, кога би започнала?**

Градоначалникот рче дека ова е исклучително важна и интересна мерка за која тој како градоначалник силно ќе се залага за да ја искористиме оваа можност во полн капацитет. Веќе се разгледуваат законските и буџетските можности во соработка со Агенцијата за вработување (преку програмата „Гаранција за млади“ и мерката за Практикантство) за отворање редовни квоти за практиканти.

Во врска со прашањето **-Дали Општина Делчево соработува со локалните компании за создавање можности за практикантство, обуки и вработување на млади? Доколку не, дали планира да воспостави ваков механизам,** градоначалникот рече дека Општина Делчево веќе има воспоставено дијалог со бизнис- секторот, пред сè преку нашите средби со Локалниот економски совет и сопствениците на текстилните, преработувачките и услужните компании во градот. Исто така, преку средношколското училишта имаме одредени форми на практична настава и дуално образование кои функционираат во практика. И овде сериозно размислуваме да воведеме нови наставни стручни паралелки за што правиме соодветна анализа и веќе имаме прелиминарни разговор и со Министерството со цел да воведеме атралтивна стручна насока-која ќе биде од интерес на младите.

На прашањето-**Како Општината може конкретно да ги поддржи младите кои сакаат да започнат сопствен бизнис или да развијат младинско претприемништво во Делчево, градоначалникот рече дека** младинското претприемништво е моторот кој може да ја трансформира локалната економија. Иако најголемите грантови за самовработување (како оној од 10.000 евра) доаѓаат од централно ниво преку АВРСМ, Општина Делчево може и ќе понуди конкретна логистичка поддршка на локално ниво-бесплатни менторски услуги преку Одделението за локален економски развој (ЛЕР), ќе им се помога на младите во процесот на аплицирање за национални и ЕУ- фондови и изработка на бизнис- планови, за да не се откажат поради бирократски пречки.

Последното прашање беше-**Дали планирате да воспоставите локална база или платформа преку која младите ќе можат навремено да се информираат за работни места, практикантства, обуки и можности за самовработување?**

И на ова прашање одговори градоначалникот на Општина Делчево. Според него Ова е одлична идеја која е неопходна во дигиталната ера. Младите често ги пропуштаат можностите, едноставно, затоа што информациите се распрснати на различни места. За таа цел, ова како идеја дополнително ќе ја обработиме и со моите служби можеме да **креираме посебен дигитален, пример, „Младински Е-Хаб“ (под-платформа) кој** ќе служи како локален агрегатор на информации каде на едно место ќе се објавуваат:
Сите активни огласи за работа од компании во Делчево.
Повици за практикантство во општината и приватниот сектор.
Отворени повици за обуки, курсеви и државни грантови за самовработување.
Информациите ќе ги споделуваме и преку социјалните мрежи и во соработка со Локалниот младински совет, со цел да стигнат директно до секое младо лице во Делчево.
Така што, може наредниот период да се посветиме на реализацијата на оваа идеја.

Во продолжение на седницата беа поставени прашања до директорката на Здравствениот дом Гоце Делчев и тоа:

1. Кои здравствени услуги и превентивни програми во моментов им се достапни на младите во Делчево?

Одговор даде директорката која рече дека на младите во Делчево им се достапни примарна здравствена заштита, систематски и превентивни прегледи, вакцинација, како и специјалистички услуги во рамки на Здравствениот дом. Дополнително, постојат национални и локални програми насочени кон превенција, здрави животни навики и унапредување на здравјето на младите.

2. Дали може да се организираат повеќе бесплатни превентивни прегледи и здравствени акции наменети за младите наместо само регуларните систематски прегледи?

Во врска со тоа прашање таа рече дека може да се организираат дополнителни бесплатни превентивни прегледи и здравствени акции, во соработка со Здравствениот дом, училиштата, Општина Делчево и Младинскиот совет. Тоа би можело да вклучува мерење крвен притисок и шеќер, советување за исхрана и физичка активност, превенција од зависности, вакцинација и други активности според потребите на младите.

3. Дали постојат можности за дополнителна поддршка и активности поврзани со менталното здравје на младите?

Таа рече дека секако се потребни повеќе активности за ментално здравје, како работилници за стрес, анксиозност, самодоверба, булинг и справување со притисок. Би било корисно да се обезбедат и можности за доверливо советување со стручни лица и полесно упатување кон соодветна професионална помош.

Директорката рече дека отребни се повеќе активности за ментално здравје, како работилници за стрес, анксиозност, самодоверба, булинг и справување со притисок. Би било корисно да се обезбедат и можности за доверливо советување со стручни лица и полесно упатување кон соодветна професионална помош.

4. Како младите можат најлесно да добијат проверени и стручни информации за превенција, здравје и здрав начин на живот?

Директорката рече дека најлесно е младите да добиваат информации преку Здравствениот дом, училиштата, Младинскиот центар, Младинскиот совет и официјалните институции. Информациите треба да бидат кратки, разбирливи и проверени од здравствени професионалци, а потоа да се споделуваат и преку социјалните мрежи и дигиталните канали што ги користат младите.

5.Дали и како може да се воспостави поголема соработка меѓу Здравствениот дом, училиштата и Младинскиот совет преку едукативни здравствени работилници и превентивни активности?

Во врска со ова прашање таа рече дека поголема соработка може да се воспостави преку заедничка годишна програма меѓу Здравствениот дом, училиштата, Младинскиот совет и Општина Делчево. Во рамките на програмата би можеле редовно да се организираат здравствени работилници, превентивни прегледи, предавања и кампањи. Важно е и самите млади да учествуваат во изборот на темите и активностите, за програмата да одговара на нивните реални потреби.

Од страна на претставниците на младите до МВР-ОВР Делчево беше поставено прашање – колку млади луѓе (до 29 години) се корисници на недозволени супстанци?

Од страна на претставниците на МВР, заменик-командирот Марија Постоловска беше одговорено дека МВР нема таков податок, не се води таква статистика, но таа истакна дека тие се соочуваат со сериозен проблем бидејќи во Делчево пристапот до недозволени супстанци е голем и бара сериозен пристап и ангажирање. Во соработка со училиштата постојано се преземаат активности и акции, се држат информативни работилници и едукативни предавања на таа тема.

Беше поставено и прашање за тоа-Колку млади управуваат моторни возила без дозвола?

Марија Постоловска истакна дека од 1 февруари 2026 година до сега имаат поднесено 70 кривични пријави од кои 35 се токму за управувување моторно возило без дозвола, од ки 10-15 се во Делчево и се однесува на млади лица, а 1 во Македонска Каменица.

Во врска со ова прашање свој одговор адде и Градоначалникот кој рече дека се воведени и така наречените „мешани патроли“ составени од претставници на МВР и родители кои можат да влегуваат во локалите и да прават контроли . Фактот што Делчево е погранично место покрај многуте бенефиции оси и ризик за лесно достапни недозволени супстанци.

Марија Постоловска рече дека заедничката „соседска патрола“ е соствена од претставници на МВР, ЦСР и родители кои ги посетуваат критичните места со цел да се превенира состојбата и самите родители да имаат увид како е на терен

Во врска со ова прашање **-Дали постои можност да се организираат обуки за младите на кои ќе се запознаат со своите права и обврски како граѓани, како и со начинот на кој можат да ги заштитат и остварат своите права**, Марија Постоловска истакна дека се прават такви обуки дури и во детската градинка, основните и средното училиште. Таа ги запозна младите дека како млади имаат можност да се запишуваат на Средното полициско училиште со што по завршувањето на училиштето, имаат можност да се вработат како полициски службеници, а во врска со другото прашање-**Дали постои можност младите да бидат вклучени во креирање на превентивни активности за безбедноста во локалната заедница, таа одговори дека и досега се правени и спроведувани вакви превентивни активности**

Од страна на Локалниот совет за млади, до ЈКП „Брегалница“ беа поставени следните прашања:

1. Дали може да се зголеми зачестеноста на чистење на местата каде што младите најчесто се собираат и во близина на училиштата?

2. Дали постои можност за поставување контејнери за селекција на отпад во близина на училиштата и местата каде што се собираат младите?

3. На кој најбрз и наједноставен начин младите можат да пријават проблем со отпад или нечисти јавни површини и во кој рок може да се очекува реакција?

4. Дали може да се воспостави нов и полесен механизам преку кој младите ќе можат директно да пријавуваат проблеми поврзани со хигиената на јавните површини?

5. Кои конкретни мерки може да се преземат за подобрување на комуналната хигиена во деловите од градот каде што најчесто се движат и собираат младите?

Претставникот на ЈКП „Брегалница“, Марија Мицевска рече дека за целосен и вистински одговор на овие прашања потребни се дополнителни консултации со директорката и затоа на овие прашања ќе биде одговорено писмено од нивна страна.

Потоа следуваа останатите прашања до претседателот на Советот и тоа:

Во врска со прашањето дали може да се обезбеди посебна буџетска ставка или издвоени средства за младински иницијативи кои се индивидуални и надвор од Младинскиот совет, тој истакна дека во рамките на законските можности и буџетските процедури, мислам дека не може да се предвиди посебна буџетска ставка, но може да се разгледа можноста за посебна буџетска ставка или соодветен механизам за финансиска поддршка на иницијативи предложени од млади,

вклучително и иницијативи кои не произлегуваат директно од Младинскиот совет. Сакам да потенцирам дека средства за реализација на програми и проекти кои ги засегаат младите се предвидени во неколку програми кои се донесуваат на седница на Советот и тоа:

-Програма за образование;

-Програма за култура;

-Програма за спорт;

-Програма за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор,

3. Дали може да се организира редовна седница или јавна расправа посветена на прашањата и потребите на младите?

Секако дека може, рече тој, денешната седница е доказ за тоа дека може. Сепак, сметаме дека редовниот и непосреден дијалог со младите, како предлози на точки на дневен ред може да се разгледува и на било која редовна седница доколку вашите предлози и идеи се преточени во конкретни проекти и програми. Исто така вашите идеи, актуелни прашања и предлози може да се разгледуваат на јавни расправи или друг соодветен формат на средба со младите, не мора да биде тоа седница на Совет.

Особено значајно е ваквите средби да резултираат со конкретни заклучоци и препораки кои ќе можат да бидат разгледани од Советот.

4. Како може да се зголеми вклученоста на Младинскиот совет во донесувањето одлуки што директно ги засегаат младите?

Вклученоста може да се зголеми преку навремено консултирање на Младинскиот совет при подготовка на одлуки и програми што директно се однесуваат на младите, негово активно учество во јавни расправи и работата на соодветните комисии, како и преку редовна комуникација со Советот на Општината.

Дополнително, може да се воспостави практика Младинскиот совет да доставува мислења и препораки по прашања од значење за младите пред нивното разгледување од страна на Советот. На овој начин би се обезбедило младинската перспектива да биде вклучена во процесот на креирање и донесување одлуки, без да се ограничува автономијата и надлежностите на институциите.

Младите поставија прашање до ЈЛБ „Илинден“-Делчево за тоа колку од младите читаат и дали читаат книги?

Во отсуство на директорката Биљана Петровска, одговор даде Анита Петровска која рече дека точна бројка за тоа колку читетли се во категоријата млади-нема, ама истакна дека најголем број или процент од сите читатели кои ги има библиотеката, се млади лица.

Претседателот на Советот даде пауза од 10 минути за мал одмор на советниците.

**********(Пауза)**********

По паузата, седницата продолжи со работа.

Градоначалникот на Општина Делчево во продолжение одговараше на прашања од Младинскиот центар и тоа:

Кои дополнителни можности за неформално образование и стекнување практични вештини ќе им бидат достапни на младите во Делчево во текот на следната година?

Тој истакна дека неформалното образование е клучен мост помеѓу теоријата научена во училишните клупи и реалните барања на пазарот. Во текот на следната година, Општина Делчево, во соработка со Младинскиот центар, локалните училишта и граѓанскиот сектор, планира да понуди неколку нови можности:

- **Интердисциплинарни работилници:** како работилници за проектен менаџмент, подготовка на ЕУ-проекти (Erasmus+) и застапување, кои се исклучително вредни вештини во денешното општество. Но, секако, и други теми кои се предмет на интерес и потреба на младите.
- **Активација на Локалниот младински совет:** тоа значи самите млади да организираат врснички едукации (peer education) на теми кои тие самите ќе ги мапираат како приоритетни (на пр. личен развој, ментално здравје во дигиталната ера, финансиска писменост, врсничко и друг вид насилство, здравствени теми за превентивна здравствена грижа кај момчиња и девојчиња и сл.).

Во врска со прашањето -Дали Општина Делчево планира да поддржи бесплатни обуки за дигитални, јазични, комуникациски или претприемачки вештини за младите? Ако да, кои и кога?

Градоначалникот на Општина Делчево рече дека сите сме свесни дека дигитализацијата и глобализацијата бараат постојано усовршување. Затоа, тој рече дека ќе предложи во Програмата за млади, односно Програмата за работа на Локалниот младински совет да се предвидат вакви активности кои потоа ќе се инкорпорираат општинскиот буџет.

На претставниците на Локалниот младински совет, како идеја, тој им предложи да предвидат, три клучни пакети на бесплатни обуки и тоа:

1. **Дигитални вештини:** Обуки за основни и напредни ИТ- алатки, графички дизајн, социјални медиуми и дигитален маркетинг. Овие вештини овозможуваат и работа од далечина (freelancing), што е одлична шанса за младите во Делчево.
2. **Претприемачки и комуникациски вештини:** Работилници за јавен настап, бизнис- комуникација, лидерство и како да се развие бизнис -идеја од нула (бизнис- планирање).
3. **Јазични курсеви**

На крајот градоначалникот порача овие идеи да влезат во нивната програма, потоа истите да бидат разгледани, а во однос на буџетирањето да се побараат средства од различни фондови и сл.

Од страна на Младинскиот центар беше поставено и прашањето-**Дали постои можност Општината да воспостави програма за стипендии за дефицитарни професии кои се потребни на локалниот пазар на труд?**

Во врска со ова прашање градоначалникот истакна дека ова е одлична иницијатива за која треба подетално да се размисли и анализира.

-Како општина, се соочуваме со одлив на стручен кадар во одредени клучни сектори (како што се дефицитарни инженерски струки, медицински кадар во локалното здравство, или специфични технички профили во индустријата).Постои реална можност и силна политичка волја од моја страна да воведеме **Програма за стипендирање на студенти и средношколци од Делчево кои се едуцираат за дефицитарни струки**, но согласно со финансиските услови на Општината, треба подетално да ги анализираме сите моменти. Од оваа година, како што и претходно истакнав, го зголемивме буџетот за образование на 2 милиони денари, доделуваме стипендии и награди по неколку основи на талентирани ученици,.

Според мене, може да се размислува и за ваква програма во партнерство со бизнис-секторот или други фондови. Но, како идеја може понатаму да се разработува.

Можеме да поставиме и дополнителна договорна обврска (клаузула) – по завршувањето на школувањето, стипендистот да се врати и да одработи одреден период (на пример, 2 до 3 години) во некоја од локалните институции или компании во Делчево.

Ова, како идеја, засега, истакна градоначалникот, Иван Гоцевски.

Игор Гошевски го праша градоначалникот колку изнесува буџетот за Локалниот совет на млади?

Градоначалникот истакна дека Локалниот совет на млади е тело кое постои и работи во состав на општината, а додека Младинскиот центар е нов, инклузивен и современ простор наменет за младите луѓе од градот, наменет за млади на возраст од 15 до 29 години.Организацијата ЖЕНА ја координира работата на центарот во соработка со Општина Делчево и Локалниот младински совет.

Претставничката на Локалниот совет за млади, Вања Ѓорѓиевска праша:

Дали Општината може да обезбеди повеќе можности за ученички размени со училишта од други градови или држави?

Градоначалникот на Општината истакна дека со помош на Erasmus+ Прогрмата и во соработка со СОУ „М.М.Брицо“ редовно се остваруваат размени на учениците од нашите училишта со ченици од Република Бугарија, Србија, а тој потенцираше дека од наредната година најверојатно ќе се прават вакви размени и со ученици и училишта од Репблика Италија бидејќи нашата општина веќе е збратимена со 4 општини од Италија каде има многу наши иселеници и каде ќе почне да се изучува нашиот македонски јазик.

Директорката на СОУ „М.М.Брицо“ исто така рече дека училиштето и досега учествувало, а ќе учествува и во иднина во такви проекти за размена на ученици од Бугарија и Португалија.

Второто прашање беше поставено од Искра Ѓорѓиевска беше -Дали Општината планира инвестирање во нови јавни спортски простори, конкретно велосипедска патека?

Во врска со ова прашање градоначалникот истакна дека за велосипедска патека треба да се направи посебна студија. Прашање е дали деталниот урбанистички план предвидува изградба на велсипедска патека. На некој начин во Делчево постои веќе велосипедска патека која се користи и како пешачка патека и која може да ја користат велосипедисти од нашата општина.

Во врска со прашањето-Дали постои можност на планината Голак да се изгради адреналински парк, со цел поттикнување на младинскиот спорт и активниот туризам, зголемување на посетеноста на планината и отворање нови можности за вработување на младите, градоначалникот истакна дека лично тој е против изградба на адреналински парк од причини што може да се случат многу несакани работи-повреди, кои во никој случај не се добри и за кои може општината да има финансиски консеквенци. Таков адреналински парк имало во Пехчево, но не профункционирал како што треба од претходно споменатите причини.

Од страна на младите на Младинскиот центар до Градоначалникот беа поставени следните прашања:

Кој е официјалниот канал преку кој младите можат навремено да добиваат информации за општински конкурси, стипендии, практикантства, обуки и други можности?

Градоначалникот на Општина Делчево, рече дека официјалниот канал на општината за информирање е веб-страницата на Општина Делчево, (www delcevo.gov.mk)фб-страницата на Општината и на градоначалникот; на самата страница постои алатка ПРАШАЈ ГО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

На крајот беа поставени прашања поврзани со буџетот и тоа:

Колкав е вкупниот износ од буџетот на Општина Делчево што во 2026 година е наменет за програми, активности и мерки директно поврзани со младите?

Градоначалникот истакна дека финансиската конструкција за младинските политики во Делчево за 2026 година е поделена на директни и индиректни средства во рамките на општинскиот буџет. За директно поддржување на функционирањето на Младинскиот центар Делчево, во буџетот се алоцирани 300.000 денари за тековни оперативни трошоци и програми. Меѓутоа, вкупниот износ наменет за младите е многу поголем кога ќе се земат предвид средствата од сите останати поврзани програми:

- Годишната програма за поддршка на младинскиот спорт и локалните спортски клубови.
- Програма за поддршка на граѓанскиот сектор
- Програмата за културни манифестации во која младите се примарна публика и учесници.
- Средствата наменети за стипендирање на средношколци и студенти.

Вкупниот буџет кој директно и индиректно го подобрува младинскиот стандард во нашата општина изнесува неколку милиони денари. Точната финална сума по ставки се ревидира и се одобрува од страна на Советот на Општината.

На крајот тој истакна дека за него, како градоначалник: Буџетот за млади во Делчево не е трошок, туку капитална инвестиција во нашата иднина.

Во врска со прашањето - Кои се трите конкретни приоритети на Општина Делчево за младите во следните 12 месеци и кој е предвидениот рок за нивна реализација?

Градоначалникот истакна дека се дефинирани трите клучни приоритети на кои тој и неговиот тим ќе бидат фокусирани во следните 12 месеци, а тоа се:

1. Целосно функционален и опремен Младински центар: Обезбедување дополнителни технички средства, компјутери и мебел преку меѓународни фондови и општинскиот буџет, со цел центарот да работи со полн капацитет како дневен престој за млади.
2. Дигитална младинска платформа („Младински Е-Хаб“): Креирање и пуштање во употреба на онлајн-агрегаторот за информации, работни места, практикантства и обуки во Делчево.
3. Пилот-програма за локално практикантство во јавните установи: Законска и буџетска подготовка на програмата за прием на првите млади практиканти во општинската администрација.

Во врска со прашањето-Дали може по оваа седница да се утврдат конкретни заклучоци со рокови и одговорни институции/лица, за младите да можат јавно да следат што е реализирано од договореното, тој рече дека без јасно утврдени одговорни лица и прецизни рокови, секоја дискусија ризикува да остане само „мртво слово на хартија“.

По завршувањето на оваа седница, стручните служби на Општината, во соработка со Локалниот младински совет и младинскиот работник од Младинскиот центар, ќе изработат Официјален Акциски план (Протокол од седниците). Во овој документ, за секоја мерка што ја договоривме денес (практикантство, бесплатни обуки, стартап -поддршка, дигитална платформа), прецизно ќе бидат наведени. Сакам во оваа прилика да нагласам дека согласно со Статутот на Општината се предвидени формите и начините на работа на Локалниот младински совет , член 62. Значи, како Општина сме предвиделе и правно и нормативно учество на младите. Според него, активите млади- се двигатели на општеството, а локалната власт се обврзува да изнаоѓа средства и начини за реализација на нивните приоритети.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 17.седница заврши со работа во 12:45 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски